Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 202/10
29.05.2024 година
Охрид

Врз основа на член 20 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, член 383 став 1 точка 8, член 478 став 1 точка 2 и член 479 став 2 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 29.05.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за назначување на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финасиските извештаи на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид**

1. За овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид за 2024 година се назначува Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица "Дрезденска" бр.52, Скопје.

2. Овластениот ревизор од став 1 на оваа Одлука поднесува Извештај за извршената ревизија, според Меѓународните Ревизорски Стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Северна Македонија, што се ажурираат на годишна основа заради usoгласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната Федерација на сметководители (ИФАЦ).

3. Се овластува Генералниот директор на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид да го потпише Договорот за вршење ревизија со назначениот овластен ревизор од став 1 на оваа Одлука.

4. Трошоците за извршената ревизија паѓаат на товар на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.

5. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач со Собрание

__________________________

Друштво за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ - МЕТРОПОЛ" А.Д. Охрид